# АДИНГМАРКЕР

*Боја за обележување на бетонски и асфалтни површини, произведена на акрилатна основа.*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингмаркер се применува за обележување на сигнализации и за декоративна и заштитна подна и ѕидна завршна обработка на бетонски, малтерисани и асфалтни површини, изложени на надворешни влијанија и лесни механички оптоварувања, како што се подни обработки во магацини, гаражи, индустриски објекти, рекреативни спортски терени, завршни фасадни обработки кај малтерисани површини, цоклиња на објекти и сл.

## СВОЈСТВА

- добра атхезија за подлогата;
- нетоксичен - не содржи растворувачи;
- отпорен на раствори на соли и минерални масла;
- бактериолошки отпорен;
- водоотпорен;
- отпорен на атмосферски влијанија;
- отпорен на абење;
- UV стабилен;
- едноставна и брза изведба;
- лесен за одржување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | боен премаз |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 1,5-1,55g/cm³ |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2,0MPa |
| Еластичност на премазот | МКС.3.С2.240 | без појава на пукнатини и лупење |
| Време на сушење на допир, на 20°C | EN ISO 9117 | 30-35min |
| Време на оцврснување, на 20°C | EN ISO 9117 | 6-8h |
| Временски период помеѓу два слоја, на 20°C | - | 8h |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35˚C |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде цврста, сува, чиста, без масти и прашина, без присуство на кондензат и со максимална влажност од 7%.Оптималната температура на површината на која се изведуваат работите треба да биде во граници од 5˚C до 35˚C, а релативната влажност на воздухот под 70%.

ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАВРШНА ОБРАБОТКА НА ПОДОВИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Асфалтна подлога

Асфалтот на кој се нанесува премазот треба да биде здрав, сув, чист и без прашина. Чистењето на подлогата од прашина треба да се изведе со воздух под притисок.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде стар 28 дена, да е со минимална јакост на притисок од 25 MPa. Цементното млеко, остатоците од малтер, боја и масло треба да се отстранат механички или со детергенти или специјални препарати за таа намена. По употреба на детергенти, потребно е подлогата темелно да се испере со вода. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка или со воздух под притисок.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога е главен предуслов за постигнување на одлична атхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрирани маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. По употреба на детергенти, потребно е подлогата темелно да се испере со вода. Доколку постојат оштетувања на подлогата, тие треба да се санираат со соодветни материјали за санација. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка или со воздух под притисок.

Подлога со постоечки премаз

Адингмаркер може да се нанесе на подлоги со постоечки премаз, само доколку премазот, кој бил користен претходно е доволно цврст и стабилен. Кај овие подлоги, пред нанесувањето на новиот премаз, треба задолжително да се испита атхезијата помеѓу постоечкиот премаз и подлогата за да се утврди дали овие слоеви можат да бидат соодветна подлога за новиот премаз. Доколку атхезијата е слаба, тогаш старите слоеви од боја треба задолжително да се отстранат по механички пат. Доколку атхезијата на постоечките слоеви од боја со подлогата е добра, препорачуваме таа површински да се обработи со шмиргла, да се обеспраши по сува постапка, а потоа да се изработат пробни полиња, каде на одредена површина ќе се нанесе новиот слој на боја.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Пред вградување на Адингмаркер, подлогата која се обработува треба да биде премачкана со Прајмер В, 30 минути (на температура од 20°C) пред нанесување на завршната обработка од Адингмаркер, при што не смее да се дозволи нејзино целосно сушење. Прајмерот се нанесува со четка, валјак или машински со безвоздушна (airless) пумпа. Кај подлоги со голема порозност може да се појави потреба и од повторно прајмерирање.

Адингмаркер се нанесува во 2-3 слоја, со дебелина на еден слој од 150-200μ. Првиот слој од Адингмаркер се разредува со max 10% чиста вода, по што смесата се меша со бавно мешање до потполно воедначување. При разредувањето на материјалот треба да се внимава, количината, која ќе биде разредена да одговара на потребната количина за нанесување на еден слој врз површината за обработка. Вториот и третиот слој се нанесуваат со разредување до max 5%. Временскиот период помеѓу вградувањето на слоевите, на температура од 20°C изнесува 8 часа. Обработените површини треба да се заштитат од силен ветер, дожд, мраз и прашина во период од 24-48 часа. Температурата на подлогата при вградување треба да биде поголема од 5°C.

Машинско нанесување со безвоздушна пумпа:
- притисок (150-200)bar
- агол на прскање: под прав агол во однос на подлогата и на растојание од 20-40см

## ПОТРОШУВАЧКА

за два слоја 0,4-0,5kg/m²
за три слоја 0,5-0,6kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Адингмаркер - во пластични канти од 5kg и 25kg
Прајмер B – во пластично шише од 1kg и пластична канта од 5kg и 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување, на температура од 5˚C до 35˚C и заштитен од сонце.
Рок на употреба: 12 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

RAL9003 (бел).

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при ненадеен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, тие треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингмаркер е незапалива течност.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингмаркер се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна заштитна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk